Врз основа на член 86 од Статутот на Град Скопје, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за прогласување на Одлуката за критериумите и условите за ограничување на потрошувачката на топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје**

Се прогласува Одлуката за критериумите и условите за ограничување на потрошувачката на топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, донесена на седницата на Советот на Град Скопје, одржана на 18 ноември 1998 година.

Бр.08- 3025/1
24ноември 1998 год.
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ
Ристо Пенов.с.р.

Врз основа на член 38 од Законот за енергетика (“Службен весник на РМ“ 47/97), а по претходно добиена согласност од министерството надлежно за работите на енергетиката и член 61 точка 6 од Статутот на Град Скопје (“Службен гласник на Град Скопје“ 3/98), Советот на Град Скопје, на дваесет и петтата седница, одржана на 18 ноември 1998 година, донесе

**О д л у к а**

**за критериумите и условите за ограничување на потрошувачката на топлинска енергија на подрачјето на град Скопје**

***1. Општи одредби***

***Член 1***

Со оваа одлука се утврдуваат критериумите и условите за ограничување на потрошувачката на топлинска енергија од топлификациониот систем во услови на недостиг на топлинска енергија.

Со одлуката од став 1 на овој член поблиску се утврдуваат критериумите и начинот на ограничување, правата, обврските и одговорноста на испорачателот и корисникот на топлинска енергија а особено:

- критериумите за степенот на ограничувањето;

- групирањето на корисниците;

- елементите за вреднување на степенот на ограничувањето;

- степените и процентуалните ограничувања на потрошувачката на топлинска енергија и

- начинот на спроведувањето и следењето на ограничувањето на потрошувачката.

Критериумите од став 2 на овој член се применуваат на сите потрошувачи на топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје и со нив се утврдува кој потрошувач, односно група на потрошувачи во кој обем ќе бидат подмирени со топлинска енергија во услови на недостиг.

***Член 2***

Недостиг на топлинска енергија настанува во услови кога производството на топлинска енергија е помало од потребите на потрошувачите во одреден временски период.

## ***II. Критериуми за степенот на ограничувањето***

***Член 3***

Критериуми за степенот за ограничување на потрошувачката на топлинска енергија се:

- годишен биланс на производство и потрошувачка на топлинска енергија;

- недостиг на мазут, природен гас, електрична енергија како и вода предизвикан од објективни причини и

- непредвиден застој во производниот процес на топлинска енергија предизвикан од технички дефекти од поголем обем.

## ***III. Групирање на корисниците***

***Член 4***

Корисниците на топлинска енергија се групираат во следните групи

**I. Група**

- здравствени институции;
- предучилишни установи за згрижување на деца;
- зоолошка градина.

**II. Група**

- граѓани кои преземаат и користат топлинска енергија;
- институции од областа на образованието;
- детски, младински и пензионерски домови, хуманитарни организации и месни заедници;
- сценско музички институции.

**III. Група**

- институции од областа на науката и културата;
- корисници на деловен простор;
- спортски објекти.

***IV. Елементи за вреднување на степенот на ограничување***

***Член 5***

Елементи за вреднување на степенот на ограничувањето на потрошувачката на топлинска енергија се:

- видот и дејноста на корисниците;
- режимот на работа на корисниците;
- структурата на пооделни видови на корисници.

***V. Степени и процентуални ограничувања на потрошувачката на топлинска енергија***

***Член 6***

Во зависност од недостигот на топлинска енергија, се утврдуваат следните степени на процентуално ограничување на ниво на топлификационен систем:

- прв степен на ограничување ќе се применува кога недостигот на топлинска енергија изнесува до 15% од потребите на потрошувачката за определен период.

- втор степен на ограничување ќе се применува кога недостигот на топлинска енергија изнесува над 15% до 30% од потребите на потрошувачката за определен период.

- трет степен на ограничување ќе се применува кога недостигот на топлинска енергија изнесува над 30% до 50% од потребите на потрошувачката за определен период.

- четврт степен на ограничување ќе се применува кога недостигот на топлинска енергија изнесува над 50% од потребите на потрошувачката за одржување на техничкиот минимум за безбедно функционирање на системите за производство, дистрибуција и користење на топлинска енергија.

***Член 7***

Во согласност со степените на ограничувањето на топлинска енергија, утврдени во член 6 од оваа одлука, испораката на топлинска енергија по групи на корисници во однос на билансираната, се намалува и тоа за:

| **Група на корисници** | **Прв степен на ограничув-ање** | **Втор степен на ограничу-вање** | **Трет степен на ограничу-вање** | **Четврт степен на ограничување** |
|---|---|---|---|---|
| **I Група** | - | 5% | 10% | одржување на техничкиот минимум за безбедно функционирање на системите за производство, дистрибуција и користење на топлинска енергија |
| **II Група** | 10% | 20% | 30% | |
| **III Група** | 20% | 40% | 60% | |

***Член 8***

Во услови на намалена испорака на топлинска енергија, корисниците плаќаат надомест според испорачаната топлинска енергија, во согласност со степенот на ограничувањето и групата на која и припаѓаат.

***VI.Начин на спроведување и следење на ограничувањето на потрошувачката***

***Член 9***

За следење и споведување на оваа одлука Советот на Град Скопје именува Комисија од 56 члена со мандат од четири години, во состав:

- претставник од Градскиот комитет за урбанизам, комунално-станбени работи, сообраќај и заштита на човековата околина-претседател на Комисијата;

- претставник од испорачателите на топлинска енергија-член;

- претставник од Стопанска комора на Град Скопје-член;

- претставник од организацијата на потрошувачите-граѓани кои преземаат и користат топлинска енергија за задоволување на своите потреби-член;

- преставник од организацијата на потрошувачите-деловен простор-член.

На предлог на претсавникот на испорачателот на топлинска енергија, Комисијата од став 1 на овој член, врз основа на моменталната состојба со производство на топлинска енергија, како и согледувањата за наредниот период одлучува за воведување на соодветен степен на ограничување на потрошувачката на топлинска енергија, како и времетраењето на ограничувањето.

***Член 10***

Комисијата од член 9 на оваа одлука, во времетраењето на ограничувањето на потрошувачката на топлинска енергија, по потреба, а најмалку еднаш во 15 дена го известува Советот на Град Скопје и министерството надлежно за работите на енергетиката за спроведувањето на одлуката и состојбата со нарушеното снабдување на топлинска енергија.

***VII.Надзор***

***Член 11***

Надзор над примената на оваа одлука се врши согласно со Законот за енергетика.

***Член 12***

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број 09-2998/1
18 ноември 1998 година
*С к о п ј е*

***ПРЕТСЕДАВАЧ***
***НА СОВЕТОТ НА ГРАД СКОПЈЕ,***
***Јове Кекеновски,*** с.р.